РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 08-2961/1
17.11 2025 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

# З А П И С Н И К

Од одржаната прва (конститутивна) седница на Советот на општина Македонска Каменица на ден 12.11.2025 година. На денешната седница се присутни 11 советници чии мандати се очекува да бидат верифицирани и Градоначалникот на општина Македонска Каменица Соња Стаменкова.

Денешната седница согласно член 37 од Законот за локална самоуправа ја свикува и преседава со неа претседателот од претходниот состав Анета Стојчевска. За денешната седница тој го предложи следниот:

## Д н е в е н р е д

1. Предлог- Решение за формирање на верификациона комиија.
2. Предлог Решение за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Македонска Каменица Каменица.
3. Предлог Решение за формирање на Кандидациона комисија.
4. Предлог-Решение за избор на претседател на советот на општина Македонска Каменица.
5. Предлог - Решение за разрешување и именување на претседател и членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања.

По вака предложениот дневен ред отвори претрес. Бидејки никој не се јави за збор го затвори претресот и дневниот ред го стави на гласање. За гласаа 11 советници а против и воздржани немаше со што претседавачот на Советот констатира дека е усвоен дневниот ред едногласно.

Потоа се помина на разгледување на првата точка од дневниот ред. Согласно Деловникот за работа на Советот, беа дадени следните предлози за членови на верификационата комисија:

1. Мартин Малчев - Претседател
2. Дарко Манасиевски - Член
3. Злате Алексовски - Член

Потоа отвори претрес. Бидејки никој не се јави за збор го затвори претресот и предлогот го стави на гласање. За гласаа 11 советника, а против и воздржани немаше со што претседавачот констатира дека се избрани членови на верификационата комисија со 11 гласа ЗА.

Втора точка од дневниот ред е Предлог Решение за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Македонска Каменица. Претседателот на верификационата комисија Мартин Малчев кажа дека комисијата го утврдила идентитетот на советниците и дека можат да се верифицираат мандатите на сите 11 советници. Претседавачот отвори претрес. Бидејки никој не се јави за збор го затвори претресот и предлогот на верификационата комисија го стави на гласање. За гласаа 11 советника, а против и воздржани немаше со што претседавачот на советот констатира дека се верифицирани мандатите на сите 11 членови на Советот едногласно.

Трета точка од дневниот ред е Предлог Решение за формирање на Кандидациона комисија. За членови на Кандидационата комисија беа предложени:

1. Влатко Андоновски - Претседател
2. Гоце Стоиловски - Член
3. Марија Јолдашева - Член

Потоа отвори претрес по предлогот. Бидејки никој не се јави за збор го затвори

претресот и предлогот го стави на гласање. За гласаа 11 советника, а против и воздржани немаше со што претседавачот констатира дека се избрани членови на кандидационата комисија со 11 гласа ЗА.

Четврта точка од дневниот ред е избор на претседател на Советот на општината. Претседателот на Кандидационата комисија советникот Влатко Андоновски кажа дека советничката група нема предлог за кандидат на претседател на Советот. Советникот Гоце Стоиловски претставник од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ кажа дека исто така нема предлог за кандидат на претседател на Советот. Советничката Марија Јолдашева претставник од независната група на советници го предложи советникот Злате Алексовски за претседател на Советот. Претседавачот отвори претрес по предлогот. Бидејќи никој не се јави за збор го затвори претресот и единствениот предлогот советникот Злате Алексовски да биде избран за претседател на Советот на општината го стави на гласање. За гласаа 6 советника и 5 против со што претседавачот констатира дека советникот Злате Алексовски е избран за претседател на Советот на општина Македонска Каменица. По изборот на претседател на Советот, претседавачот на Советот ги повика советниците да дадат свечена изјава. По дадената изјава се помина на разгледување на петтата точка од дневниот ред.

Петтата точка од дневниот ред е Предлог - Решение за разрешување и именување на членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања. Претседавачот на Советот предложи поради истекот на мандатот да се разрешат претседателот и членовите на Комисијата за мандатни прашања избори и именувања:

4. Дарко Гоцевски - Претседател
5. Сара Максимова - Член
6. Олег Караѓозов - Член
7. Симона Велиновска - Член
8. Мите Миленковски - Член

Претседавачот отвори претрес по предлогот. Бидејќи никој не се јави за збор го затвори претресот и предлогот да бидат разрешени од претседател и членови на комисијата го стави на гласање. ЗА гласаа 11 советника.

За претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања беа предложени:

1. Мартин Малчев - Претседател
2. Адријана Пауновска Спасевска - Член
3. Даме Спасевски - Член
4. Билјана Стојковска - Член
5. Марија Јолдашева - Член

Претседавачот отвори претрес по предлогот. Бидејќи никој не се јави за збор го затвори претресот и предлогот го стави на гласање. За гласаа 11 советника, а против и воздржани немаше со што претседавачот на Советот констатира дека е усвоен предлогот за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања со 11 гласа ЗА.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и седницата заврши.

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Злате Алексовски**